**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” - БИТОЛА**

# К О Н К У Р С

**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ ВО ПРВА ГОДИНА**
**НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ НА**
**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА**
**ВО АКАДЕМСКАТА 2010/2011 ГОДИНА**

Битола, 2010 година

Врз основа на член 57 алинеа 2, во врска со член 108 став 4, како и членовите 109 и 110 од Законот за високото образование, Одлуките на Ректорската управа на Универзитетот Бр.07-383/3 од 17.03.2010 година и Бр.07-619/4 од 29.04.2010 година и Одлуката на Владата на Република Македонија за бројот на студенти за запишување во прва година на јавните високообразовни установи во Република Македонија во академската 2010/2011 година, Бр.51-2019/1 од 14.04.2010 година („Службен Весник на РМ“ бр. 51/ 2010 година), Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, објавува

# К О Н К У Р С
# ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ ВО ПРВА ГОДИНА НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА ВО АКАДЕМСКАТА 2010/2011 ГОДИНА

## I. БРОЈ НА СТУДЕНТИ

На единиците на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, во прва година на прв циклус (додипломски) студии во академската 2010/2011 година, ќе се запише следниов број студенти:

| Единици | Редовни во државна квота | Износ на партиципација (ЕУР) | Редовни со кофинансирање | Износ на кофинансирање (ЕУР) | Вонредни | Износ на кофинансирање за вонредни | Вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ – БИТОЛА со дисперзирани студии во Велес и Прилеп** | **575** | **100/200** | **235** | **100/400** | **110** | **100/400** | **920** |
| УНИВЕРЗИТЕТСКИ СТУДИИ - ПРВ ЦИКЛУС | | | | | | | |
| Студиска програма за машинство | 60 | 200 | | | 10 | 400 | 70 |
| Студиска програма за индустриски менаџмент | 50 | 200 | | | 10 | 400 | 60 |
| Студиска програма за сообраќајно-транспортно инженерство | 60 | 200 | 30 | 400 | 10 | 400 | 100 |
| Студиска програма за графичко инженерство | 50 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 70 |
| Студиска програма за електроенергетски системи | 70 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 90 |
| Студиска програма за информатика и компјутерска техника - Битола | 110 | 200 | 100 | 400 | 10 | 400 | 220 |
| Студиска програма за информатика и компјутерска техника - Велес | 65 | 100 | 45 | 100 | 10 | 100 | 120 |
| Студиска програма за информатика и компјутерска техника - Прилеп | 20 | 100 | 20 | 100 | 10 | 100 | 50 |
| СТРУЧНИ СТУДИИ | | | | | | | |
| Студиска програма за енергетика | 30 | 200 | | | 10 | 400 | 40 |
| Студиска програма за патен транспорт | 30 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 50 |
| Студиска програма за електротехника, електроенергетика и електроника | 30 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 50 |
| **ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ - ПРИЛЕП** | **279** | **200** | **141** | **400** | **45** | **400** | **465** |
| Студиска програма за бизнис администрација - менаџмент | 33 | 200 | 17 | 400 | 5 | 400 | 55 |
| Студиска програма за бизнис информатика | 33 | 200 | 17 | 400 | 5 | 400 | 55 |
| Студиска програма за финансиски менаџмент | 33 | 200 | 17 | 400 | 5 | 400 | 55 |
| Студиска програма за маркетинг менаџмент | 60 | 200 | 30 | 400 | 10 | 400 | 100 |
| Студиска програма за меѓународна економија и бизнис | 60 | 200 | 30 | 400 | 10 | 400 | 100 |
| Студиска програма за сметководство, финансии и ревизија | 60 | 200 | 30 | 400 | 10 | 400 | 100 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО – ОХРИД со дисперзирани студии во Велес** | **212** | **100/200** | **222** | **100/400** | **51** | **100/400** | **485** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Студиска програма за туризам - Охрид | 30 | 200 | 55 | 400 | 10 | 400 | 95 |
| Студиска програма за осигурување - Охрид | 25 | 200 | 40 | 400 | 10 | 400 | 75 |
| Студиска програма за осигурување - Велес | 30 | 100 | 45 | 100 | 5 | 100 | 80 |
| Студиска програма за хотелско-ресторанска насока - Охрид | 12 | 200 | 12 | 400 | 6 | 400 | 30 |
| Студиска програма за хотелско-ресторанска насока- Велес | 10 | 100 | 10 | 100 | 5 | 100 | 25 |
| Студиска програма за царина и шпедиција - Охрид | 10 | 200 | 15 | 400 | 5 | 400 | 30 |
| Студиска програма за гастрономија, исхрана и диететика* | 40 | 200 | | | | | 40 |
| Студиска програма за гастрономија – Охрид /стручни студии/ | 35 | 200 | 30 | 400 | 5 | 400 | 70 |
| Студиска програма за гастрономија – Велес /стручни студии/ | 20 | 100 | 15 | 100 | 5 | 100 | 40 |
| **ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ – БИТОЛА** | **242** | **100/200** | **194** | **400** | **34** | **400** | **470** |
| Студиска програма за наставник за одделенска настава | 8 | 200 | 8 | 400 | 4 | 400 | 20 |
| Студиска програма за воспитувачи | 8 | 200 | 8 | 400 | 4 | 400 | 20 |
| Студиска програма за македонски – англиски јазик | | | 85 | 400 | 15 | 400 | 100 |
| Студиска програма за македонски – француски јазик | | | 20 | 400 | 5 | 400 | 25 |
| Студиска програма за македонски – германски јазик | | | 20 | 400 | 5 | 400 | 25 |
| Студиска програма за македонски – германски јазик /дисперзирани студии во Дебар/ | 60 | 100 | | | | | 60 |
| Студиска програма за македонски – англиски јазик /дисперзирани студии во Дебар/ | 60 | 100 | | | | | 60 |
| Студиска програма за информатика и техничко образование (заедничка студиска програма со Технички факултет – Битола) | 106 | 200 | 53 | 400 | 1 | 400 | 160 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА И МЕНАЏМЕНТ НА ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ – БИТОЛА** | **150** | **200** | **130** | **400** | | | **280** |
| Студиска програма за информациски системи во здравството*** | 20 | 200 | | | | | 20 |
| Студиска програма за менаџмент на информациски системи | 90 | 200 | 90 | 400 | | | 180 |
| Студиска програма за инженерство и менаџмент на софтверски апликации** | 40 | 200 | 40 | 400 | | | 80 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ – БИТОЛА** | **140** | **200** | **80** | **300/400** | **40** | **300/400** | **260** |
| Студиска програма за фармерско производство | 40 | 200 | 20 | 300 | 10 | 300 | 70 |
| Студиска програма за преработка на анимални производи | 50 | 200 | 30 | 400 | 20 | 400 | 100 |
| Студиска програма за менаџмент во биотехниката | 50 | 200 | 30 | 400 | 10 | 400 | 90 |
| **ВИСОКА МЕДИЦИНСКА ШКОЛА – БИТОЛА** | **125** | **200** | **52** | **400** | **53** | **400** | **230** |
| Студиска програма за општа медицинска сестра /стручни студии/ | 35 | 200 | 15 | 400 | 15 | 400 | 65 |
| Студиска програма за медицинско-лабораториски аналитичар /стручни студии/ | 30 | 200 | 15 | 400 | 15 | 400 | 60 |
| Студиска програма за физиотерапевти /стручни студии/ | 40 | 200 | 15 | 400 | 15 | 400 | 70 |
| Студиска програма за радиолошки технолози /стручни студии/ | 20 | 200 | 7 | 400 | 8 | 400 | 35 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ** | **80** | **200** | **40** | **400** | **190** | **400** | **310** |
| Студиска програма безбедност и финансиска контрола | 25 | 200 | 15 | 400 | 90 | 400 | 130 |
| Студиска програма криминалист | 55 | 200 | 25 | 400 | 100 | 400 | 180 |
| **ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ – КИЧЕВО со дисперзирани студии во Битола и Струга** | **277** | **100/200** | **143** | **100/400** | **80** | **100/400** | **500** |
| Студиска програма за правни студии - Кичево | 120 | 200 | 60 | 400 | 50 | 400 | 230 |
| Студиска програма за правни студии - Битола | 90 | 100 | 50 | 100 | 30 | 100 | 170 |
| Студиска програма за правни студии - Струга | 67 | 100 | 33 | 100 | | | 100 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ – ВЕЛЕС со дисперзирани студии во Кичево и Битола** | **180** | **100/200** | **90** | **100/400** | **40** | **100/400** | **310** |
| Студиска програма за прехранбена технологија и биотехнологија - Велес | 45 | 200 | 25 | 400 | 10 | 400 | 80 |
| Студиска програма за прехранбена технологија и биотехнологија - Кичево | 35 | 100 | 15 | 100 | 10 | 100 | 60 |
| Студиска програма за нутриционизам – Велес | 55 | 200 | 25 | 400 | 10 | 400 | 90 |
| Студиска програма за нутриционизам – Битола | 45 | 100 | 25 | 100 | 10 | 100 | 80 |
| **ВЕТЕРИНАРЕН ФАКУЛТЕТ - БИТОЛА** | **30** | **200** | **15** | **400** | | | **45** |
| **УНИВЕРЗИТЕТ ВКУПНО:** | **2290** | | **1342** | | **643** | | **4275** |

*За оваа студиска програма акредитацијата е во тек

**За оваа студиска програма се очекува добивање Решение за исполнетост на услови за почеток со работа

***Студиската програма треба да биде усвоена и истата да се процесуира за нејзина акредитација

**НАПОМЕНА:** Одлука за минималниот број запишани студенти со цел да се овозможи отпочнување со работа на дисперзираните студии донесува секоја високообразовна единица

## II. КРИТЕРИУМИ И УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

**1.** Право на запишување на прв циклус (додипломски студии) на единиците имаат:

- **Кандидати кои положиле државна или меѓународна матура**
- Кандидати со **завршено четиригодишно средно образование во претходните учебни години (пред учебната 2007/2008 година)** кои не полагале државна матура.
- **Кандидати што имаат завршено високо или вишо образование на сродни факултети и виши школи и кандидати кои паралелно студираат сродни факултети, студиски групи или насоки.**

  Овие кандидати се запишуваат со кофинансирање на студиите како редовни или вонредни студенти надвор од вкупната квота според успехот од претходното образование. Сродноста ја утврдуваат и објавуваат единиците на Универзитетот.
- Ако на Конкурсот за запишување студенти на додипломски студии во првиот уписен рок не се јават доволен број кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување, право на упис во вториот и во третиот уписен рок може да имаат и **лицата кои положиле училишна матура во гимназиско образование** или **завршен испит по завршено соодветно стручно средно образование со четиригодишно траење.**
- **Кандидати кои целосно или делумно завршиле средно четиригодишно образование во странство.**

**2.** На прв циклус (додипломски студии) кандидатите се запишуваат како редовни студенти финансирани од државата со партиципација на трошоците за студирање и редовни студенти со кофинансирање на студиите.

Кандидатите може да се запишуваат и како вонредни студенти со кофинансирање на трошоците за студирање, доколку тоа го овозможува природата на студиската програма.

Единиците на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола нема да наплаќаат партиципација за:

- студенти без родители;
- инвалиди од прва и втора група;
- воени инвалиди;
- лица растени во домови за напуштени деца.

Средствата за партиципација на овие лица ќе се покриваат од Буџетот на Република Македонија.

**3. Основен критериум** за селекција на кандидатите за запишување на прв циклус (додипломски студии) е **успехот постигнат во средното образование**. Вреднувањето на успехот на кандидатите се изразува во поени.

**3.1. За кандидатите што положиле државна матура или меѓународна матура** општиот успех по сите предмети во средното образование учествува со **60%**, а успехот постигнат на државната, односно меѓународната матура со **40%** од вкупниот број на поени, којшто може да изнесува најмногу **100** поени.

**Бодирањето на успехот од средното образование** се врши така што се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со **12**. По оваа основа можат да се добијат најмногу **60** поени.

**Бодирањето на успехот постигнат на државната матура** се врши на следниов начин: екстерните предмети во зависност од постигнатиот успех при нивното полагање ќе се бодираат најмногу со по **10** поени, интерните предмети во зависност од постигнатиот успех при нивното полагање најмногу со **8** поени, а проектната задача во зависност од постигнатиот успех најмногу со **4** поени. Вкупниот успех од државната матура може да донесе најмногу **40** поени (**20** поени од двата екстерни предмети, **16** поени од двата интерни предмети и **4** поени од проектната задача).

**Бодирањето на успехот постигнат на меѓународната матура** се врши на следниов начин: секоја оценка од шесте екстерни предмети кои се полагаат на меѓународната матура се множи со коефициент **1,2**. Вака добиените производи се собираат. По оваа основа можат да се добијат најмногу **36** поени. Оценката добиена на матурската тема се множи со коефициент **0,8**. По оваа основа можат да се добијат најмногу **4** поени. Вкупниот успех од меѓународната матура може да донесе најмногу **40** поени.

**3.2. Кандидатите кои положиле училишна матура** во гимназиско образование или завршен испит по завршено соодветно стручно средно образование со четиригодишно траење, по основ на успехот по сите предмети од средното образование може да добијат најмногу **60** поени, а по основ на положената училишна матура или положениот завршен испит најмногу **20** поени, односно вкупно, најмногу може да добијат **80** поени.

**Бодирањето на успехот од средното образование** се врши така што се собираат сите оценки внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со коефициент **12**. По оваа основа можат да се добијат најмногу **60** поени.

**Бодирањето на успехот постигнат на училишната матура или на завршниот испит** ќе се врши така што задолжителниот и изборниот предмет, во зависност од постигнатиот успех при нивното полагање, ќе се бодираат најмногу со **8** поени, а проектната задача во зависност од постигнатиот успех најмногу со **4** поени. На овој начин максималниот број на поени по овој основ

би изнесувал **20** (**8** од задолжителниот предмет, **8** од изборниот предмет и **4** од проектната задача).
Во прилог на Конкурсот е Листата на предмети што се полагаат како екстерни и интерни предмети.
Сите единици на Универзитетот се должни да ги истакнат сопствените листи на огласна табла.

**3.3. За кандидатите кои го завршиле четиригодишното средно образование во претходните учебни години (пред учебната 2007/08 година)** и не полагале државна матура, **основен услов и критериум за запишување** е општиот среден успех и успехот од 4 предмети: мајчин јазик и странски јазик и 2 предмети битни за студирањето на таа високообразовна единица. Во вкупниот број поени, средниот успех од средното образование учествува со **60** поени, а средниот успех од **2** предмети битни за студирањето на високообразовната единица и средниот успех од предметите мајчин и странски јазик учествува со **40** поени.
Средниот успех од средното образование се вреднува со собирање на сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценки и вака добиениот среден успех се множи со **12.** По оваа основа можат да се добијат најмногу **60** поени.
Вреднувањето на успехот од четирите предмети (два предмети битни за студирањето на високообразовната установа и предметите мајчин јазик и странски јазик) се врши на следниов начин:

- се пресметува средна оценка за секој од четирите предмети и добиените средни оценки за секој предмет поодделно се множат со 2. Овие производи се собираат пришто, по оваа основа, за секој предмет може да се добијат најмногу 10 поени, односно вкупно најмногу **40 поени.**

Двата предмети битни за студирањето претходно ги утврдува секоја високообразовна единица и ги објавува на огласна табла.

**Начинот на пресметување на бодовите, како и останатите елементи** попрецизно ќе бидат дефинирани во **Упатството за реализација на Конкурсот**.

**4. На Педагошкиот факултет - Битола** се врши **претходно оценување на психо-физичките способности** на пријавените кандидати за студирање. Оценувањето на кандидатите е елиминаторно.

**5.** За реализација на Конкурсот за запишување, наставно-научниот совет, односно наставничкиот совет на единиците на Универзитетот формира **конкурсна комисија**, а на Педагошкиот факултет - Битола соодветна комисија за постапување согласно со точката 4.

**6.** За следење на реализацијата на Конкурсот, Ректорската управа формира **Универзитетска конкурсна комисија.**

Универзитетската конкурсна комисија ја следи реализацијата на Конкурсот на единиците на Универзитетот, се грижи за доследно почитување на одредбите во Конкурсот, дава упатства и мислења во текот на неговото спроведување, укажува на одделни пропусти и грешки на конкурсните комисии на единиците на Универзитетот и слично.
Доколку во текот на реализацијата на Конкурсот, Универзитетската конкурсна комисија утврди дека постојат нарушувања на одредбите од Конкурсот во

поглед на бројот на студентите, може да донесе Одлука за поништување на одлуките на конкурсните комисии на единиците на Универзитетот. Единиците на Универзитетот може да поднесат приговор на Одлуката на Универзитетската конкурсна комисија до Ректорската управа. Одлуката на Ректорската управа по приговорот е конечна.

**7. Рангирањето на кандидатите на единиците на Универзитетот го вршат конкурсните комисии**. Конкурсната комисија објавува, на огласната табла на единицата на Универзитетот, **прелиминарна ранг-листа** на пријавените кандидати според поените од средното образование. Кандидатот има право на приговор до Конкурсната комисија во рок од **24** часа од објавувањето на прелиминарната ранг-листа. Приговорот се однесува само на технички пропусти - грешки направени при пресметувањето на бодовите од средното образование. Конкурсната комисија одлучува по приговорот во рок од 24 часа. Одлуките по приговорите се објавуваат на огласната табла на единиците на Универзитетот. Доколку кандидатот не е задоволен од Одлуката на Конкурсната комисија, во рок од **24** часа по објавувањето на огласната табла, има право да поднесе втор приговор, којшто преку Конкурсната комисија се упатува до Управата на единицата на Универзитетот. Управата одлучува по приговорот во рок од 24 часа. Решението на Управата по приговорот е конечно. Одлуките по приговорите се објавуваат на огласната табла на единицата на Универзитетот. По истекот на роковите за поднесување приговори и за нивно решавање, Конкурсната комисија на огласната табла на единицата на Универзитетот објавува **решение за прием на студенти** (конечна ранг-листа), врз основа на што се врши запишување на студенти. Единицата на Универзитетот, истовремено, до Универзитетската комисија, го доставуваат решението на Конкурсната комисија за прием на студенти (конечната ранг-листа).
Селектираните кандидати на претходните психофизички проверки и тестови на Педагошкиот факултет - Битола имаат право на приговор во рок од 24 часа по објавувањето на резултатите од оценувањето до соодветните комисии.

**8.** Примените кандидати се запишуваат како **редовни студенти финансирани од државата со партиципација на трошоците за студирање** и **редовни студенти со кофинансирање на трошоците за студирање.**
Доколку редовните студенти запишани во државната квота со партиципација на трошоците за студирање, без оправдани причини не ги исполнат условите утврдени со Законот за високо образование и актите на Универзитетот, ги поднесуваат трошоците за студирање во согласност со истиот Закон и со Статутот на Универзитетот.
Студентите во државната квота се запишуваат со плаќање партиципација на трошоците за студирање, секоја студиска година одделно, во текот на целокупното студирање.
Износот на надоместокот се пресметува според средниот курс на Народната банка на РМ и го одредува секоја единица на Универзитетот посебно.
Надоместокот за студирање на студентите е составен дел на овој Конкурс.
Плаќањето надоместок од претходниот став се врши според склучениот Договор со единиците на Универзитетот и истиот може да се плати во **две еднакви рати** и тоа едната при запишувањето, а другата пред почетокот на вториот семестар.

**9.** Бројот на **студенти припадници на безбедносните сили и други категории на лица,** утврдени со Законот за посебни права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните

семејства („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/02), кои **се запишуваат во посебна квота** на јавните високообразовни установи во состав на универзитетот **(без плаќање на партиципација),** може да изнесува **најмногу 10%** од вкупниот број на студенти на ниво на студиска програма**.**
Правото од претходниот став кандидатите го докажуваат при пријавувањето, со документ (**Уверение**) издадено од Министерството за одбрана или од Министерството за внатрешни работи на Република Македонија.

**10.** На студиската програма за криминалистика на Факултетот за безбедност - Скопје, во академската 2010/2011 година, заради обезбедување соодветна и правична застапеност на студентите припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, ќе се запишат онолку студенти колку што ќе определи Владата на РМакедонија со дополнителна одлука за припадниците на овие заедници при што соодветно ќе бидат застапени припадниците на сите заедници до процентот со кој соодветната заедница е застапена во вкупното население на Република Македонија.

**11.** Реализацијата на Конкурсот ќе се одвива во уписни рокови, со тоа што во првиот уписен рок ќе се запишуваат сите пријавени кандидати кои ги исполнуваат предвидените услови, а доколку останат слободни непополнети места запишувањето ќе се врши и во втор, а по потреба и во трет уписен рок.

**12**. Доколку во првиот уписен рок при рангирањето на крајот од листата на примените кандидати има повеќе кандидати со еднаков број поени (најмногу пет) единицата на Универзитетот ги запишува сите вакви кандидати. Ако бројот на ваквите кандидати е поголем од пет, тогаш единиците на Универзитетот, овие кандидати ќе ги рангираат според дополнителни критериуми и тоа: соодветноста на изработената проектна задача при полагањето на државната матура, освоени награди на републички и меѓународни натпревари, добиени сертификати за познавање на странски јазици на повисоко ниво и сл. Овие дополнителни критериуми ги донесуваат факултетите, односно високата стручна школа на Универзитетот.

**13.** Ректорската управа донесува посебно **Упатство за реализација на Конкурсот.**

## III. ЗАПИШУВАЊЕ ВОНРЕДНИ СТУДЕНТИ

**1.** На единиците на Универзитетот како **вонредни студенти** можат да се запишуваат кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување и имаат засновано работен однос, како и кандидати коишто од оправдани причини не се во можност да се запишат како редовни студенти.
За оправдани причини од претходниот став се сметаат:
- инвалид кој не е во состојба да следи редовна настава
- потешка долготрајна болест
- родител на дете додека трае породилното отсуство.

**2.** Вонредните студенти се запишуваат според **исти услови и критериуми како и редовните студенти,** а се рангираат на посебна ранг-листа.

Вонредните студенти се запишуваат **со кофинансирање на трошоците како и студентите запишани во категоријата со кофинансирање** на студиите од глава **IV** од Конкурсот.
Студентите што се запишуваат во оваа категорија, износот, утврден во глава **I** од Конкурсот, го плаќаат во **две еднакви рати,** и тоа едната при запишувањето, а другата пред почетокот на вториот семестар, во денарска противвредност, според средниот курс на Народната банка на РМ на денот на плаќањето, согласно склучениот Договор со единицата на Универзитетот.

**3.** При пријавувањето за запишување како вонредни студенти, кандидатите поднесуваат: копија од Образец М1 и М2 заверена на нотар или лекарско уверение за причините назначени во точка 1 став 2 алинеа 1 и 2 (издадено од соодветна здравствена установа) или доказ дека е родител на дете за кое сеуште трае правото на породилно отсуство.

## IV. ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ СО КОФИНАНСИРАЊЕ НА СТУДИИТЕ

**1.** На единиците на Универзитетот, како редовни студенти се запишуваат и кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување, а поради ограничените квоти не можат да се запишат во категоријата студенти финансирани од државата. Запишувањето на оваа категорија студенти се врши со поднесување писмена изјава од страна на кандидатите дека се согласуваат во текот на целокупното студирање да ги кофинансираат студиите.

**2.** Студентите што се запишуваат во оваа категорија, износот утврден во глава **I** од Конкурсот го плаќаат во **две еднакви рати** и тоа едната при запишувањето, а другата пред почетокот на вториот семестар, во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на РМ на денот на плаќањето, согласно склучениот Договор со единиците на Универзитетот.

**3.** Единицата на Универзитетот објавува ранг-листа на кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување во оваа категорија. Кандидатите кои се согласуваат да се запишат во оваа категорија студенти, поднесуваат изјава во рок од ***48*** часа по објавувањето на конечната ранг-листа.

Листата на примените кандидати од оваа категорија ја утврдува конкурсната комисија врз основа на ранг-листата и поднесените изјави за согласност за запишување во оваа категорија, и примерок од неа доставува до Ректоратот на Универзитетот.

Студентите со кофинансирање при запишувањето склучуваат договор со единицата на Универзитетот за меѓусебните права и обврски во остварувањето на наставно-образовниот процес.

**4.** На индексите на студентите не смее посебно да се обележува нивната припадност во овие категории.

## V. КАНДИДАТИ СО ЗАВРШЕНО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СТРАНСТВО

**а) Странски државјани**

**1. Странските државјани** се пријавуваат во роковите утврдени за сите кандидати и се запишуваат надвор од квотите утврдени со Конкурсот. Бројот на странските државјани - стипендисти на Владата на Република Македонија го утврдува Министерството за образование и наука.
**2.** За странските државјани што се пријавуваат за студирање на Педагошкиот факултет - Битола се врши претходно оценување на психофизичките способности за студирање на овој факултет.
**3.** При пријавувањето, кандидатите наведуваат на која единица на Универзитетот сакаат да студираат, дали се стипендисти на Владата на РМ или самостојно ги поднесуваат трошоците на студирањето. Со пријавата поднесуваат нострифицирано свидетелство за завршено средно образование, како и нострифицирани свидетелства за сите класови, заверен превод на изводот од матичната книга на родените, потврда за знаење на македонскиот јазик и уверение за здравствената состојба издадено од соодветна здравствена станица.
**4. Школарината за странските државјани** за академската 2010/2011 изнесува **1000 Евра.** Овој износ странските државјани го плаќаат за секоја студиска година. Во оваа категорија студенти спаѓаат и студентите, странски државјани, чии родители или самите тие работаат во дипломатските претставништва во Република Македонија. Овие кандидати може да се запишуваат без плаќање школарина, доколку Министерството за образование и наука ги поднесува трошоците за нивното студирање.
Странските државјани кои се запишуваат на начин утврден во точка **1** и **3** од глава **V** го задржуваат истиот статус до дипломирањето.
Кандидатите **странски државјани се пријавуваат во Ректоратот** на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, во роковите утврдени со Конкурсот.

**б) Иселеници и државјани на РМ со завршено целокупно средно образование и со дел од средното образование во странство**

**1. Кандидатите чии родители се наши иселеници и кандидатите државјани на РМ, кои целокупното или дел од средното образование го завршиле во странство,** се запишуваат надвор од квотата (на Педагошкиот факултет - Битола се врши претходно оценување на психофизичките способности за студирање на овој факултет).
Надоместокот за студирање на оваа категорија студенти, во зависност од единицата на Универзитетот, односно видот на студиите за една академска година изнесува како и за кандидатите од глава **IV.**
Кандидатите од првиот став можат да се запишуваат и под условите и критериумите утврдени во Конкурсот за кандидатите со завршено средно образование во РМ, во рамките на државната квота.
Кандидатите од точка 1, со пријавата, поднесуваат нострифицирано свидетелство за завршено средно образование, како и нострифицирани свидетелства за сите класови од средното образование завршени во странство.
2. **Кандидатите државјани на РМ кои дел од средното образование завршиле во странство и кандидатите со завршена меѓународна матура**, се запишуваат под истите услови и критериуми како и кандидидатите со завршено средно образование во Република Македонија, со тоа што покрај другите документи поднесуваат нострифицирани свидетелства за делот од средното образование завршен во странство односно завршената меѓународна матура.

Овие кандидати се рангираат на посебна ранг-листа и нивниот број **може да изнесува најмногу до 10% од бројот на редовните студенти.**
Кандидатите кои освоиле бодови најмалку како и последниот примен кандидат со партиципација на соодветната единица, студиска група или насока се запишуваат со плаќање партиципација за студирање во висина утврдена во глава **I** од Конкурсот.
Кандидатите кои освоиле бодови најмалку како и последниот кандидат примен во категоријата со кофинансирање на студиите се запишуваат со плаќање надоместок за кофинансирање на студиите во висина утврдена во глава **I** од Конкурсот. За овие кандидати се применуваат одредбите од глава **IV** од Конкурсот.
Кандидатите **иселеници и државјани на РМ со завршено целокупно средно образование во странство**, кандидатите **државјани на РМ со завршен дел од средното образование во странство** и кандидатите со **завршена меѓународна матура** се пријавуваат **во Ректоратот** на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, во роковите утврдени со Конкурсот.

## VI. ДОПОЛНИТЕЛНИ КВОТИ УТВРДЕНИ ОД ВЛАДАТА НА РМ

ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ ПРИПАДНИЦИ НА ЗАЕДНИЦИТЕ КОИ НЕ СЕ МНОЗИНСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
(Одлука на Владата на РМ Бр. 51-2020/1 од 30.03.2010 година)

1. За обезбедување правична и соодветна застапеност на студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, високообразовните установи во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола во академската 2010/2011 година, дополнително ќе се запишат студенти припадници на овие заедници, чиј број да не е повисок од 10% од вкупниот број студенти кои се запишуваат во прва година на ниво на единица. При тоа, во рамките на овој процент, соодветно да бидат застапени припадниците на сите заедници до процентот со кој соодветната заедница е застапена во вкупното население на Република Македонија.

2. На високообразовните установи во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола каде постојат студиски програми кои се застапени и на Државниот универзитет во Тетово, припадниците на албанската заедница ќе се запишуваат само во редовните квоти.
Процентот на студентите припадници на овие заедници заедно во државната и во дополнителната квота, треба да биде до процентот на застапеноста на соодветната заедница во вкупното население на Република Македонија.

## VII. РОКОВИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗАПИШУВАЊЕ

**Роковите за претходна проверка на знаењата на Педагошки факултет во Битола ги определува факултетот.**

Пријавувањето и запишувањето на кандидатите во првиот, вториот и третиот уписен рок на сите единици на Универзитетот, се врши во следниве термини:

| | **Прв уписен рок** | **Втор уписен рок** | **Трет уписен рок** |
|---|---|---|---|
| Пријавување на кандидатите | 17 и 18.08.2010 | 2 и 3.09.2010 | 16.09.2010 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Објавување прелиминарна ранг-листа | 23.08.2010 | 6.09.2010 | 17.09.2010 |
| Објавување решение за прием на кандидатите | 26.08.2010 | 13.09.2010 | 20.09.2010 |
| Запишување на кандидатите | 30 и 31.08.2010 | 14 и 15.09.2010 | 21.09.2010 |

## VIII. ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗАПИШУВАЊЕ

При **пријавувањето** за запишување на единиците на Универзитетот, кандидатите ги поднесуваат следниве документи:
**1.** Пријава за запишување
**2.** Оригинални свидетелства од сите класови
**3.** Оригинално свидетелство за завршено средно образование
**4.** Документ-диплома за положена државна матура или за положена училишна матура или за положен завршен испит
**5.** Извод од матичната книга на родените
**6.** Доказ за државјанство на РМ (уверение или решение)
**7.** Кандидатите кои конкурираат за запишување како вонредни студенти ги поднесуваат освен горните и документите назначени во глава **III**, точка 3
**8.** Кандидатите кои конкурираат за запишување со завршено сродно високо или вишо образование поднесуваат и соодветно уверение или диплома, а кандидатите во категоријата за паралелно студирање поднесувааат соодветно уверение за статус на студент на сроден факултет, студиска група или насока
**9.** Потврда за уплатени **300 денари** на жиро сметка на факултетот – високата школа за манипулативни трошоци
**Напомена:** Бидејќи пријавувањето се врши со оригинални документи, пожелно е кандидатите пред пријавувањето, да направат преписи од документите за своите потреби.

При запишувањето, примените кандидати поднесуваат:
**1.** индекс и студентска легитимација
**2.** три фотографии (2 – 3,5x4,5см. и 1 - 2x3см.)
**3.** пријавни листови
**4.** потврда за уплатени **150 денари** - солидарен фонд на студентите за студентската фондација за потпорно здравствени, рекреативни, спортски активности за студентите на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола; Студентска фондација - Битола, на жиро сметка: 500-0000002037-27 – Стопанска банка Битола; ЕДБ: 4002991125091
**5.** Потврда за уплатени **50 денари** наменски средства за културно-уметнички потреби на студентите, банка НБРМ на трезорска сметка 100000000063095, сметка на буџетски корисник: 160010509678867, ЕДБ: 4002979132007, Приходно конто 723012, програма 42
**6.** Потврда за уплатени **300** денари за студентски гласила и за други потреби на студентите во наставно-образовниот процес, банка НБРМ на трезорска сметка 100000000063095, сметка на буџетски корисник: 160010509678848, ЕДБ: 4002979132007, Приходно конто 723012, програма 42

**7.** Потврда за уплатени **1000 денари** за функционирање и развој на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, банка - НБРМ на трезорска сметка: 100000000063095, сметка на буџетски корисник: 160010509678852, ЕДБ: 4002979132007, Приходно конто: 723012 Програма 42
**8.** Потврда за уплатени средства за партиципација или за кофинансирање на жиро сметката на соодветната единица на Универзитетот.

**ПРИЛОГ - Листа на екстерни и интерни предмети**

| |
|---|
| **Конкурсот е објавен на интернет страницата:**<br>**http://www.uklo.edu.mk** |

ПРИЛОГ

**ЛИСТА НА ЕКСТЕРНИ И ИНТЕРНИ ПРЕДМЕТИ ОД ДРЖАВНАТА МАТУРА**
**ОПРЕДЕЛЕНИ ОД ЕДИНИЦИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ**
**„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА**

**ПРЕДМЕТНИОТ МАЈЧИН ЈАЗИК Е ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ЕКСТЕРЕН ПРЕДМЕТ ЗА СИТЕ КАНДИДАТИ**

<table>
<tr><th>ЕДИНИЦА</th><th>НАСОКА/ОТСЕК</th><th>ИНТЕРНИ ПРЕДМЕТИ</th><th>ЕКСТЕРНИ ПРЕДМЕТИ</th></tr>
<tr><td>Економски факултет - Прилеп</td><td></td><td>(за гимназии)<br>1. Социологија<br>2. Информатика<br>3. Математика или странски јазик (оној предмет кој не е избран како екстерен)<br>4. Географија<br>5. Филозофија<br>6. Историја<br>(избор на два предмета)<br><br>(стручни училишта)<br>Општообразовни предмети:<br>1. Информатика<br>2. Бизнис<br>3. Математика или странски јазик (оној предмет кој не е избран како екстерен)<br>4. Историја<br>(избор на еден предмет)<br>5. Стручни предмети:<br>- еден стручен предмет по избор од листата на стручни предмети за економско-правна и трговска струка или еден стручен предмет по избор од листата на останатите средни стручни училишта</td><td>Математика основно ниво / Странски јазик</td></tr>
<tr><td>Факултет за биотехнички науки - Битола</td><td></td><td>(за гимназии)<br>1. Биологија<br>2. Хемија<br>3. Физика<br>4. Информатика<br>5. Математика / Странски јазик (оној предмет кој не е избран како екстерен)<br><br>(за средно стручно)<br>1 општообразовен предмет + 1 стручен предмет според образовниот профил на кандидатот</td><td>Математика основно ниво / Странски јазик</td></tr>
<tr><td rowspan="5">Технички факултет - Битола</td><td>Машински</td><td rowspan="4">(за гимназии)<br>Два општообразовни предмети од природно-математичка област, по избор на кандидатот<br><br>(за средно стручно)<br>1 општообразовен предмет од природно-математичка област и 1 стручен предмет според образовниот профил на кандидатот</td><td rowspan="5">Математика основно ниво / Странски јазик</td></tr>
<tr><td>Електротехнички</td></tr>
<tr><td>Графичко инженерство</td></tr>
<tr><td>Патен сообраќај и транспорт</td></tr>
<tr><td>Информатика и компјутерска техника</td><td>(за гимназии)<br>1. Информатика и странски јазик<br><br>(за средно стручно)<br>1. Информатика или странски</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td></td><td></td><td>2. Еден стручен предмет по избор според образовниот профил на кандидатот</td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="4">Педагошки факултет - Битола</td><td>Наставник</td><td>(за гимназии)<br>По избор на кандидатот 2 (два) општообразовни предмети<br><br>(за средно стручно)<br>1 општообразовен и 1 стручен предмет</td><td rowspan="4">Математика основно ниво / Странски јазик</td></tr>
<tr><td>Воспитувачи</td><td>(за гимназии)<br>Уметност и по избор на кадидатот еден општообразовен предмет<br><br>(за средно стручно)<br>1 општообразовен и 1 стручен предмет</td></tr>
<tr><td>Двопредметни студии Македонски и странски јазик</td><td>(за гимназии)<br>По избор на кандидатот два општообразовни предмети<br><br>(за средно стручно)<br>1 општообразовен и 1 стручен предмет</td></tr>
<tr><td>Информатика и техничко образование</td><td>(за гимназии)<br>Два општообразовни предмети од природно-математичката област по избор на кандидатот<br><br>(за средно стручно)<br>1 општообразовен предмет од природно-математичката област и 1 стручен предмет според образовниот профил на кандидатот</td></tr>
<tr><td>Факултет за туризам и угостителство - Охрид</td><td></td><td>(за гимназии)<br>1. Математика<br>2. Странски јазик<br>3. Географија<br>4. Социологија<br>5. Историја<br>6. Хемија<br>7. Информатика<br>8. Филозофија<br><br>(за средно стручно)<br>а) Општообразовни предмети<br>1. Математика<br>2. Странски јазик<br>3. Историја<br>4. Бизнис<br>5. Хемија<br>6. Информатика<br>б) Стручни предмети<br>1. Економија<br>2. Право<br>3. Деловно работење<br>4. Сметководство<br>5. Агенциско работење<br>6. Хотелско работење</td><td>Математика основно ниво / Странски јазик</td></tr>
<tr><td>Факултет за безбедност - Скопје</td><td></td><td>(за гимназии)<br>1. Социологија<br>2. Историја<br>3. Филозофија<br>4. Други предмети од областа на општествените науки<br><br>(за средно стручно)<br>Еден општообразовен предмет и Основи на правото или избор од</td><td>Математика основно ниво / Странски јазик</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | листата на стручни предмети според образовниот профил на кандидатот | |
| **Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи - Битола** | | *(за гимназии)*<br>1. Социологија<br>2. Информатика<br>3. Математика или странски јазик (оној кој не е избран како екстерен)<br>4. Географија<br>5. Филозофија<br>6. Историја<br><br>*(стручни училишта)*<br>1. Информатика<br>2. Бизнис (менаџмент)<br>3. Математика или странски јазик (оној кој не е избран како екстерен)<br>4. Историја<br>(се избира еден предмет)<br>5. Еден стручен предмет по избор од листата на стручни предмети за економско-правна и трговска струка или еден стручен предмет по избор од листите на останатите средни стручни училишта | Математика основно ниво / Странски јазик |
| **Правен факултет - Кичево** | | *(за гимназии)*<br>1. Социологија<br>2. Историја<br>3. Филозофија<br>4. Класични јазици<br><br>*(за средно стручно)*<br>1. Историја<br>2. Еден стручен предмет по избор на кандидатот според образовниот профил | Математика основно ниво / Странски јазик |
| **Технолошко-технички факултет - Велес** | | *(за гимназии)*<br>1. Биологија<br>2. Хемија<br>3. Физика<br>4. Информатика<br>5. Математика / Странски јазик (оној предмет кој не е избран како екстерен)<br><br>*(за средни стручни)*<br>1. Биологија<br>2. Хемија<br>3. Физика<br>4. Информатика<br>+ 1 стручен предмет според образовниот профил на кандидатот | Математика основно ниво / Странски јазик |
| **Висока медицинска школа - Битола** | | *(за гимназии)*<br>1. Биологија<br>2. Хемија<br>3. Физика<br><br>*(за средно стручно)*<br>1. Билогија / Хемија / Физика<br>+ 1 стручен предмет според образовниот профил на кандидатот | Математика основно ниво / Странски јазик |
| **Ветеринарен факултет - Битола** | | *(за гимназии)*<br>1. Биологија | Математика основно ниво / Странски јазик |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 2. Хемија<br>3. Физика<br>4. Информатика<br>5. Математика / Странски јазик (оној предмет кој не е избран како екстерен)<br>6. Класични јазици<br><br>*(за средно стручно)*<br>1. Биологија<br>2. Хемија<br>3. Физика<br>4. Математика<br>5. Странски јазик<br>6. Информатика или бизнис<br>+ еден стручен предмет според образовниот профил на кандидатот | |